# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СКОПЈЕ

Во согласност со член 3 и член 110 од Законот за високото образование, член 3 од Законот за образование на возрасните, член 249 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Иницијативата на Министерството за образование и наука за реализација на „Проектот 45“, Одлуката на Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје на 152 седница одржана на 14.6.2011 година, и Одлуката на Владата на РМ за бројот на студентите за запишување во прва година на државните високообразовни установи во учебната 2010/11 година бр. 51-2630/1 од 3.5.2011 година (Сл. Весник на РМ бр. 63/2011), Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје објавува

**К О Н К У Р С**
**за запишување студенти на прв циклус студии во рамките на реализацијата на „Проектот 45“ во учебната 2011/12 година**

**I. Број на студенти**

Во рамките на реализацијата на **„Проектот 45“**, на одделни студиски програми од прв циклус студии, за кои се стекнува **универзитетска диплома**, во учебната 2011/12 година ќе се запишат **следниов број студенти:**

| **ФАКУЛТЕТИ<br>- СТУДИСКИ ПРОГРАМИ -** | **вонредни студенти** | **износ на кофинанси-рање** |
|---|---|---|
| **Природно-математички факултет** | **275** | **200** |
| ▪ **Институт за биологија** | **20** | |
| - студии по биохемија и физиологија | 5 | |
| - студии по биологија за наставен кадар во средно образование | 5 | |
| - студии по екологија | 5 | |
| - двопредметни студии по биологија-хемија | 5 | |
| ▪ **Институт за географија** | **40** | |
| - наставна географија | 20 | |
| - демографија | 20 | |
| ▪ **Институт за етнологија и антропологија** | **25** | |
| - етнологија и антропологија | 25 | |
| ▪ **Институт за информатика** | | |
| - информатика (6 семестри) | | |
| ▪ **Институт за математика** | **70** | |
| - наставна математика | 20 | |
| - теориска математика | 10 | |
| - математичка економија | 10 | |
| - математичко програмирање | 10 | |
| - двопредметни студии по математика-физика | 20 | |
| ▪ **Институт за хемија** | **120** | |
| - наставна хемија | 30 | |
| - применета хемија | 30 | |
| - применета хемија - аналитичка биохемија | 30 | |
| - применета хемија - хемија на животна средина | 30 | |
| **Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство** | **50** | **200** |
| - Студии за информатичка едукација | 50 | |
| **Технолошко-мателуршки факултет** | **60** | **200** |
| - прехранбена технологија и биотехнологија | 10 | |
| - хемиско процесно инженерство | 10 | |
| - металургија и метални материјали | 10 | |
| - конфекциско инженерство | 10 | |
| - полимерно и органско инженерство | 10 | |
| - неорганско инженерство и заштита на животна средина | 10 | |
| **Економски факултет** | **90** | **200** |
| - економија | 20 | |
| - маркетинг | 20 | |
| - финансиски менаџмент | 20 | |
| - сметководство и ревизија | 30 | |
| **Правен факултет „Јустинијан Први“** | **150** | **200** |
| - правни студии | 100 | |

| | | |
|---|---|---|
| - политички студии | 25 | |
| - новинарство | 25 | |
| **Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер** | **10** | **200** |
| - механичка технологија на дрвото | 5 | |
| - проектирање и технологија на мебел и ентериер | 5 | |

## II. Услови и критериуми за запишување

1. Право на запишување на прв циклус студии имаат **кандидати на возраст од најмалку 35 години за жени, односно 45 години за мажи**, со претходно завршено четиригодишно средно образование, кои имаат засновано работе однос на неопределено време, или се невработени и се пријавуваат во Агенцијата за вработување најмалку 5 години.
2. Кандидатите ќе се запишуваат и ќе студираат како вонредни студенти со **кофинансирање на студиите**.
3. Селекцијата на кандидатите ќе се врши врз основа на успехот од средното образование. Вреднувањето на успехот на кандидатите се изразува во поени.
4. Бодирањето на успехот од средното образование се врши на следниов начин:
   а) Се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со 12. По оваа основа може да се добијат најмногу **60 поени**.
   б) Се пресметуваат и поени од предметите кои се значајни за студиската програма, и тоа: збирот од оценките од секој од двата предмета значајни за студиската програма (дадени во Прилог 1), се дели со бројот на оценките (независно во колку години предметот се слушал во средното образование) и вака добиениот среден успех, за секој предмет одделно, се множи со 4. По оваа основа може да се добијат најмногу **20 поени** за еден предмет, односно вкупно **40 поени** за двата предмета.

## III. Селекција на кандидатите

1. За реализација на Конкурсот за „Проектот 45", наставно-научниот совет на факултетот формира конкурсна комисија.
2. Рангирањето на кандидатите го врши конкурсната комисија на факултетот.
3. Конкурсната комисија, на огласната табла на факултетот, објавува прелиминарна ранг-листа на кандидатите за запишување.
4. По објавувањето на прелиминарната ранг-листа на кандидатите за запишување од страна на конкурсната комисија, кандидатот има право на приговор во рок од 24 часа.
   Приговорот се однесува само на технички пропусти - грешки направени при пресметувањето на бодовите, и се упатува до управата на факултетот.
   Решението на управата по приговорот е конечно. Одлуките по приговорите се објавуваат на факултетите.
5. По истекот на роковите за поднесување приговори и за нивно решавање, конкурсната комисија на факултетот објавува решение за прием на студенти (конечна ранг-листа), врз основа на што се врши запишување на студенти.
   Решението на конкурсната комисија за прием на студенти (конечната ранг-листа), факултетот истовремено го доставува до Ректоратот на Универзитетот.
6. Студентите што се запишуваат во рамките на „Проектот 45", износот утврден во глава I од Конкурсот го плаќаат во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на РМ на денот на плаќањето, во најмалку две еднакви рати.
   При запишувањето, студентите склучуваат договор со факултетот за меѓусебните права и обврски во остварувањето на наставно-образовниот процес.

## IV. Рокови за пријавување и запишување

| | |
|---|---|
| Пријавување на кандидатите | **1 и 2.9.2011** |
| Објавување резултати од успехот од средно образование | **5.9.2011** |
| Објавување решение за прием на кандидатите | **12.9.2011** |
| Запишување на кандидатите | **13 и 14.9.2011** |

## V. Документи за пријавување и запишување

При **пријавувањето** за запишување на факултетите кандидатите ги поднесуваат следниве документи:

1. пријава за запишување
2. оригинални свидетелства од сите класови
3. оригинално свидетелство за завршено средно образование
4. извод од матичната книга на родените
5. доказ за државјанство на РМ (уверение или решение)
6. договор за вработување на неопределено време, или доказ дека најмалку 5 години се пријавуваат во Агенцијата за вработување.

При **запишувањето**, примените кандидати поднесуваат:

1. индекс и пријавни листови
2. две фотографии (2- 6x9)
3. потврда за уплатена школарина на жиро-сметката **на соодветниот факултет**.

**Прилог 1**

**ПРЕДМЕТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ВРЕДНУВАЊЕТО НА УСПЕХОТ ОД СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

| **Факултет<br>- студиска програма -** | **I предмет** | **II предмет** |
|---|---|---|
| **Природно-математички факултет** | | |
| - математика | математика | физика или информатика |
| - информатика | математика | физика или информатика |
| - хемија | хемија | математика, биологија<br>или физика |
| - физика | физика | математика, информатика<br>или хемија |
| - биологија | биологија | хемија |
| - географија<br>- географски информациски системи | географија<br>географија | историја<br>Информатика |
| - етнологија и антропологија | македонски јазик | Историја |
| Двопредметни студии: | | |
| - биологија - хемија | биологија математика | хемија |
| - математика - физика | математика | физика |
| - математика - хемија | математика | хемија |
| - математика - информатика | математика | информатика |
| - физика - хемија | физика | хемија |
| - физика - информатика | физика | информатика |
| - хемија - информатика | хемија | информатика |
| **Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство** | математика | физика или информатика |
| **Технолошко-металуршки факултет**<br>(за сите студиски програми) | математика | по избор на кандидатите:<br>- хемија<br>- физика |
| **Економски факултет**<br>(за сите студиски програми) | математика | македонски јазик |
| **Правен факултет „Јустинијан Први“**<br>(за сите студиски програми) | мајчин јазик | историја |
| **Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер** | математика или странски јазик | -нацртна геометрија<br>-информатика<br>-физика<br>-хемија<br>-ликовно воспитување<br>-техничка механика<br>(по избор на кандидатите) |

**Конкурсот е објавен на интернет-страницата: http://www.ukim.edu.mk**